**УДК 39 (=163.3)**

**Елизабета Павковиќ (Македонија)**

# АКЦИЈА И КОНТЕМПЛАЦИЈА

*Апстракт:* Текстот претставува скица-никулец за личен тренинг на рефлексивноста. Новите струења во македонската етнологија и антропологија, меѓу другото, го свртуваат вниманието кон одделни аспекти на спознанието. Теренското истражување (сфатено како акција) и набљудувањето, размислувањето, задлабочувањето во сопствената теренска работа (контемплација) се перципираат како можност за сегментирање и класифицирање на набљудуваната стварност, за соочување со себе и за самонадоградување.

*Клучни зборови:* теренско истражување, рефлексивна етнографија, Македонија, антропологија.

Од шеесеттите години на дваесеттиот век, антрополошката наука започнува да го свртува вниманието кон персоналниот карактер на етнографското истражување. Се работи за дескрипции и заклучоци што антропологот ги прави по критичко набљудување и анализирање на сопствената работа, особено на теренско истражување на чувствителни теми. Потребно е да се промисли како и колку истражувачот, со сета своја културна заднина, влијае врз текот на теренското истражување, врз субјектите, како и врз анализата и презентацијата на добиените резултати. Исто така, забележан е и реверзибилниот карактер на тој процес, а тоа е повратното влијание што врз истражувачот го извршиле неговите соговорници, преку релациите воспоставени во текот на истражувањето. Ваквите осврнувања на етнографот врз употребените стратегии, сопствените дилеми, решенија на одредени проблеми, особено врз неговите етички ставови и постапки во истражувањето што го спроведувал, како и врз презентираните резултати од него, се нарекува рефлексивност.

Во раните седумдесетти Неш и Винтроб (Nash and Winthrob 1972) објавиле анализа на трендот кај антрополозите – „самосвесен пресврт“ кон начините на кои тие го конституираат предметот на проучување, ги дефинираат истражувачките проблеми, прибираат податоци и ги интерпретираат. Во текот на 1990-тите рефлексивноста е усвоена на ниво на регуларна пракса, а нејзин главен постулат е дека добрата современа антрополошка монографија или текст треба да содржи исповедувачки вовед. Личните истории на истражувачите, нивните идентитети, теориските интересирања, влијанието на менторот,

колегите и претставите за публиката кон која етнографот, со своето дело, се обраќа, типовите на меѓучовечките односи – сите тие поединечни теми се категоризираат во класата „антрополошка рефлексивност“, која станува легитимен/ задолжителен елемент на истражувањата (според Milenković 2006: 165).

Во омилените елементи на антрополошката рефлексивност се вбројуваат: влијанието на антропологот врз проучуваните, изборот на темата и локалитетот, трансформативниот карактер на искуството од теренската работа врз самиот антрополог и, соодветно на тоа, разликите што настануваат во описите на стварноста од страна на различни антрополози или други социјални актери (Milenković 2006: 164).

Во текот на досегашното егзистирање, рефлексивниот пристап предизвикал бројни полемики помеѓу автори што припаѓаат на разни науки, правци и школи. Сите тие со свои аргументи pro и contra придонеле за збогатување на теориско-методолошките аспекти на спознанието.

Во антрополошките текстови рефлексивноста честопати се појавува заедно со херменевтиката (Milenković 2006: 169), а уште почесто со етиката (Zebec 2009).

Рефлексивноста во македонската етнологија и антропологија сè уште има статус на потенцијал. Се надевам дека токму текстовиве од овој тематски број на списаниево ќе придвижат бран реакции и конструктивна полемика и ќе иницираат афирмација на рефлексивните практики кај нас.

*

Бидејќи со бројните теории, правци и конвенции сè уште не сум баш „на ти“, како свој придонес кон етаблирање на рефлексивниот метод во македонската етнолошка/антрополошка наука, во продолжение ќе споделам неколку примери на рефлексивни промислувања од своето лично искуство при истражување на етничкиот идентитет. Првичната идеја ми беше да направам истражување за чувството на етничка припадност кај лица што живеат во Скопје, а потекнуваат од етнички мешани бракови. Носечките прашања требаше да бидат: каков е нивниот суштински, личен етнички, односно национален идентитет наспроти формалниот, декларативниот; кои фактори влијаат врз создавањето и менувањето на очекуваните повеќекратни идентитети; како носителите балансираат помеѓу нив и друго.

Поради мултиетничката средина каква што е Скопје, сметав на бројност на лица чии родители се припадници на различни етноси. Тоа се покажа како точно, но ја претставуваше мојата прва грешка. Големиот број припадници на различни етноси создава уште поголем број „комбинации“ на етнички мешани бракови. Не согледувајќи ја првата грешка (типична за етнолози/антрополози почетници), а тоа е преголемиот истражувачки предмет, влетав во втората грешка. Таа се

состоеше во избор на погрешен, антрополошки сосема несоодветен метод – анкета (!?). Иако анкетниот прашалник беше детално разработен, обемен, со можност за наведување лични ставови, ни приближно не можеше да даде задоволувачки одговори на поставените прашања. Јазолот во кој се врзав го разрешив така што: 1. обемот на истражување го намалив, па одлучив хипотезата за повеќекратниот етнички идентитет да ја проверам низ искази на потомците на бегалците од Егејска Македонија и 2. како техника во истражувањето употребив длабинско полуструктурирано интервју. Овие измени овозможија теренското истражување да се реализира според замислениот тек (Павковиќ 2005).

Интервјуирани беа потомци на некогашните деца бегалци кои беа жртви на егзодусот од Граѓанската војна во Грција. Информаторите беа на возраст од 35 до 45 години со место на живеење во Скопје. Тие потекнуваат од етнички мешани бракови – едниот родител им е Македонец од Егејска Македонија, а другиот од земјата каде што бегалците биле одведени (Чехословачка, Југославија, СССР, Полска, Романија, Бугарија). Сите се родени во тие земји и детството, а некои од нив и дел од младоста ги поминале таму. Дел од соговорниците се мои познајници, а со дел од нив стапив во контакт преку пријатели. Тоа овозможи разговорите да се одвиваат во пријателска атмосфера, а вкупната комуникација да се одликува со меѓусебна доверба. Отвореноста дополнително беше поттикната со забелешката дека нивните искази ќе бидат објавени како анонимни. Повеќето интервјуа ги направив во домашното опкружување на информаторите, а дел – на нивните работни места. Во истражувањето за етничките идентитети беа вклучени по 5 машки и женски лица, но се покажа дека жените беа порасположени и покомпетентни соговорнички. Сите беа задоволни поради можноста за разговор на тема што очигледно им „легна“ и поради тоа што се пројавува интерес за „егејското прашање“. Исто така изразија нескриено задоволство што низ разговорите, навраќајќи се на целиот свој живот и на раскажувањата од родителите, на некој начин успеаја да артикулираат извесни недефинирани мисли и нејасни чувства за прашањето на сопствениот идентитет.

Овие нивни изјави ми направија ќеф затоа што ги доживеав како потврда за добар избор на темата, концептот и соговорниците, што по лошиот старт на истражувањето влијаеше охрабрувачки. Задоволството беше дотолку поголемо што самото истражување ми потврди дека е „нормално“ да се има флуктуирачки етнички идентитет и тој да се доживува како предност, што всушност беше интимно прашање на самоспознавање со оглед на моето лично потекло од етнички мешан брак. Речиси во исто време ме сотреа одбивањата од неколку лица да учествуваат во истражувањето. Веројатно неприфаќањето на разговорот

го доживеав поразително поради нивната недоверба во мојата одговорност, етичност и компетентност. Како и да е, сите овие епизоди, пријатни и непријатни, се драгоцени искуства во изградувањето на истражувачкиот профил на секој етнолог/антрополог. Во тој правец е и прашањето за комодитетот што го пружа кабинетската антропологија наспроти теренското истражување што секогаш е неизвесно и изискувачко. Можеби одговорот е во нивната последователност и упатеност едно на друго.

Изборот на искази за презентирање од релативно мал број испитаници (Павковиќ 2005) се должи на моето приклонување кон индивидуалната антропологија и на перципирањето на секој човек како „приказна за себе" (Ковачевић 2006). Поради тоа, опширните искази се дадени во функција на регистрирање и репрезентирање на разновидноста на индивидуално креираните значења на поимите: етничност, националност, припадност, потекло, култура и други. Сепак, поради изненадувачките сличности на личните истории (кои во голем дел се одвивале на различни, меѓу себе оддалечени простори), што било причина за сличности и во перципирањето на клучните поими, не можев да одолеам на есенцијализација на исказите и генерализација во заклучоците.

*

Иако ги споделувам сомневањата на Волф (Wolf 1992: 50 и понатаму) во објективноста на рефлексивната етнографија (1. таа е оригинална само во однос на традиционалната етнографија; 2. не е јасно кому му е наменета; 3. личниот карактер на етнографските искуства не се вклопува во академските стандарди и 4. експерименталните текстови се ценети поскоро поради самото експериментирање отколку поради новите и поинакви увиди во проучуваните култури), сепак сметам дека нашата дисциплинарна практика треба да го изоди својот еволутивен пат (макар и прекутрупа и фаќајќи кривини) заради континуитет и стекнување зрелост.

Скептично гледам на рефлексивноста со оглед на суетната природа на човекот, а со тоа и на етнографот/етнологот/антропологот. Сметам дека понудените рефлексивни видувања се и ќе бидат дозирани и фризирани.

За најголема придобивка од рефлексивниот метод го сметам стекнувањето свесност за модификацијата на културната личност на истражувачот по извршеното теренско истражување, затоа што секој соговорник/информатор што влегува во нашата орбита со себе носи многу поинаков и покомплексен свет од кој било што некогаш би можеле да си го замислиме. Слушајќи го, до деталите и суптилностите на неговите искуства, размислувања и перцепции, дел од неговиот свет вклучуваме во нашиот. Тоа е веројатно најголемата вредност и значење на рефлексивноста во теренското истражување.

**Користена литература:**

Ковачевић Иван, Индивидуална антропологија или антрополог као лични гуслар, Етноантрополошки проблеми, 2006, стр. 17–33.

Павковиќ Елизабета, Етнички и национален идентитет по избор, ЕтноАнтропоЗум 5, Скопје 2005, стр. 114–139.

Milenković Miloš, Šta je (bila) antropološka "refleksivnost"? Metodološka formalizacija, Etnoantropološki problemi, sv. 2, 2006, стр. 157–184, достапно на: http://anthroserbia.org/Content/PDF/Articles/milenkovic_refleksivnost_u_antropologiji.pdf (последен пат посетено на 20.11.2010).

Wolf Margery, A Thrice-Told Tale: Feminism, Postmodernism, and Ethnographic Responsibility, Stanford: Stanford University Press 1992.

Zebec Tvrtko, Rasprava, Etika u etnologiji/kulturnoj antropologiji, Etnološka tribina 32, Vol. 39, 2009, стр. 15–53, достапно на: http://hrcak.srce.hr/44869 (последен пат посетено на 02.12.2010).